Република Северна Македонија
Министерство за култура и туризам
Управа за заштита на културното наследство

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit
Drejtoria për mbrojtjen e Trashëgimisë kulturore

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ - MINISTRIA E KULTURËS DHE TURIZMIT
Управа за заштита на културното наследство
Drejtoria e Mbrojtjes së Trashëgimisë Kulturore
Бр.-Nr. 04-811/25
15.07. 2025 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 22, 23, 24, 25, 26 и 27 од Законот за работните односи (Сл.Весник на РМ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 149/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, и Сл. Весник на РСМ бр. 120/18, 110/19, 267/20, 151/21 и 288/21, 111/23, 39/25 и 74/25), в.в. со член 22 став (1) алинеја 2 и член 20-д од Законот за вработените во јавниот сектор (Сл. Весник 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18, 143/19, 14/20 и 208/24), Директорот на Управата за заштита на културното наследство на ден 15.07.2025 година донесе

# О Д Л У К А
## За избор на кандидат по јавен оглас бр. 01/2025 за вработување на административен службеник на определено време во Управата за заштита на кутурното наследство

1. За извршител за работното место **Помлад соработник за архтектонско културно наследство** , со шифра **УПР 01 01 В04 000, Сектор за идентификација, заштита и користење на културното наследство** во Одделение за недвижно културно наследство, се избира **Бобан Данилоски**.
2. Избраниот кандидат од точка 1 на оваа Одлука ќе заснова работен однос на определено време со Управата за заштита на културното наследтсво со потпишување на договор за вработување.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и истата ќе се објави на веб страната на Управата за заштита на културно наследство-Скопје

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на Известување за обезбедени финански средства бр.19-6719/2 од 26.06.2025 година издадено од Министерството за финансии, а согласно Годишниот план за вработување на инситуцијата бр. 01-811/4 од 11.04.2025 година, Управата за заштита на културно наследство на ден 04.07.2025 година во дневните весници “Слободен Печат”, “Нова Македонија” и “Коха ” објави јавен оглас бр.01/2025 за вработување на определено време на административен службеник на работното место Помлад соработник за архитектонско културно наследство со шифра УПР 01 01 В04 000 -1(еден) извршител.

Комисијата за постапка за вработување формирана со решение бр.04-811/17 од 04.07.2025 година, на ден 15.07.2025 година спроведе административна селекција за која состави записник бр.04-811/24 од 15.07.2025 година со ранг листа на кадидати. Согласно записникот и ранг листата утврдено е дека за работното место Помлад соработник за архитектонско културно наследство со шифра УПР 01 01 В04 000 е пријавен само еден кандидат, лицето Бобан

Данилоски која на огласот се пријавил со уредна документација и ги исполнува условите за вработување на определено време на горенаведеното работно место.

Директорот на Управата откако ги разгледа сите документи и докази, донесе одлука да се изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**:Незадоволниот кандидат има право на жалба во рок од 8(осум)дена од приемот на одлуката до Управата за заштита на културно наследство-Скопје.

**Управа за заштита на културно наследство**
**Директор**
**Весела Честоева**

Доставено до:
-Именуваниот
-Архива
-Одделение за човечки ресурси